Предлог

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23, став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 16/25 и 134/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес.

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден_09.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада“.

Член 1

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Велес, за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

Член 2

Продолжувањето на работното време од два часа, важи од 09.10.2026 година до 11.10.2026 година, по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Општина Велес во својата Годишна програма за евроинтеграции и локален економски развој има планирано организација на манифестација Гастрономско-туристичка манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“.

Согласно член 23, став 3 од Законот за угостителска дејност „Советот на општината, односно Советот на градот Скопје, за одредени туристички, културни и друг вид манифестации, содржани во годишните програми, можат да го продолжат работното време најмногу за два часа, за угостителските објекти, но во времетраење најмногу до три дена“.

Затоа, се предлага донесување на оваа одлука, со цел да се овозможи на сите угосителски објекти кои функционираат на подрачјето на Општина Велес да го продолжат своето регистрирано работно време за време на одржување на оваа културна манифестација, односно најмногу до три дена.